Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК

од Сто седумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 декември 2019 година

Скопје, декември 2019 година

# З А П И С Н И К
## од Сто седумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 декември 2019 година

Седницата започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и членовите на Владата на Република Северна Македонија, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Хусни Исмаили, министер за култура, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, м-р Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваше, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори д-р Кочо Анѓушев.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 167-та седница на Владата, одржана на 26 ноември 2019 година

**Пред преминување на Дневен ред**

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

  - **Информација за потпишување на два договори по пат на размена на писма: Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Народна Република Кина за Проектот за зајакнување на капацитетите за здравствена и социјална заштита во Република Северна Македонија и Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Народна Република Кина за Проектот за донација на опрема за Лабораторијата за молекуларна биологија при Природно математичкиот факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, Република Северна Македонија, со усогласени писма и договори**

  - **Информација за потпишување на Меморандум за меѓународна развојна соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Словенија за периодот 2020 – 2021 година, со усогласен текст на Меморандум**

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

**а) гости**

1. Предлог - одлука за давање согласност за набавка на недвижни ствари со непосредна спогодба

2. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

3. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево за 2019 година

4. Предлог - одлука за давање на трајно користење недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

5. Нацрт – договор за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за трговија и услуги АИМ ИНВЕСТМЕНТС ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште, Предлог-одлука за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за трговија и услуги АИМ ИНВЕСТМЕНТС ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште и Предлог-одлука за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината

6. Информација за донесување на Одлука за намалување на основната главнина на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје, Одлука за изменување на Изјавата за основање и Одлука за покривање на загубите на „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2017 година, со предлог-одлуки

7. Информација за вонредно Собрание на акционери на претпријатието за Нафтовод Солун - Скопје - Вардакс АД

8. Предлог - одлука за давање согласност на Деловникот за изменување на Деловникот за работа на Советот за унапредување и надзор на Ревизијата на Република Македонија

9. Барање на согласност за склучување на договор за долготраен закуп со непосредна спогодба, со Предлог-одлука

10. Предлог - програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2019 година

11. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

**б) економски систем и тековна економска политика**

12. Предлог – закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за администрирање на социјалното осигурување, по скратена постапка

13. Предлог – закон за изменување на Законот за експропријација

14. Предлог - закон за изменување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост

15. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина

16. Предлог - закон за изменување на Законот за таксата за привремен престој

17. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност

18. Предлог - закон за изменување на Законот за угостителската дејност

19. Предлог - уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободувањето од плаќање на увозни давачки, како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од плаќање на увозни давачки

20. Предлог - уредба за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства

21. Предлог – уредба за изменување на Уредбата за класификација на површинските води (*)

22. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локацијата со реден број 51 на река Ехлоечка на концесионерот МХЕЦ Ехлоец ДОО Скопје, со текст на Договор и Анекс на Договор

23. Информација за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со Предлог-одлука

24. Извештај за спроведување на Законот за субвенционирање на станбен кредит, со Предлог-одлука за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување на граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит во 2020 година

25. Информација за регулирање на обврските и побарувањата на земјите сукцесори на поранешна СФРЈ кон и од Адриа банка Виена во ликвидација со насоки за натамошно постапување

26. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-андезит и туф на локалитетот „Слепа Чука“ Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука

27. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 4/2019 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 217/19), со Предлог – одлука и Извештај од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 4/2019, објавен во Службен весник на Република Северна Македонија бр.217/19

28. Информација во врска со извршената евалуација по јавен повик за доделување на концесии за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас $CO_2$ на локалитетот кај с. Брод и с. Бач, Општина Новаци по Одлуката за започнување на

постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас $CO_2$ на локалитетот кај с. Брод и с. Бач, Општина Новаци бр.45-4142/1 од 25.6.2019 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.132/19) со Предлог – одлука

29. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за малата хидроелектрана на локацијата бр.349 Блатечка река на концесионерот Енерџи Лукс ДООЕЛ Кочани

30. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура на изградба на 400kV далековод од ТС400/110 kV Битола 2 до Македонско-Албанска граница и нова ТС400/110 kV Охрид со пристапен пат, Општина Новаци, Општина Битола, Општина Могила, Општина Ресен, Општина Дебрца, Општина Охрид и Општина Струга, со Предлог-одлука

31. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги „Горгиев компани“ ДООЕЛ Кочани, со Предлог-одлука

32. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги „Горгиев Компани“ ДООЕЛ Кочани, со Предлог – одлука

33. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Павлина Јованова, ул.Киро Спанџов бр.1 Кавадарци, со Предлог - одлука

34. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Агро-екологија Јоцо Димитрие Јованов Кочани, со Предлог-одлука

35. Информација за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовни зони, со предлог – одлуки

36. Информација за поделба на имотот на ПТТ на Македонија помеѓу Пошта и Телеком

37. Предлог - одлука за утврдување на максималниот износ на нето задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2020 година

38. Предлог - програма за изменување и дополнување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2019 година

39. Предлог - одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Чаир

40. Предлог - одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци

41. Информација во врска со поднесено барање од Друштвото за производство на електрична енергија Парк на ветерни електрани Еуроинг ДОО увоз - извоз Гевгелија, со Предлог-одлука

42. Предлог - одлука за намалување на царинските стапки за други производи од гума, освен од тврда гума, други производи од железо или од челик и изолациони делови од керамички материјали

43. Предлог - одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштвото за производство, услуги и трговија Алмарко минерали ДОО Скопје на локалитетот „Стари Присад Стена", Општина Прилеп

44. Предлог - одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштвото за производство, услуги и трговија Волостоне ДОО Скопје на локалитетот „Самарница", Општина Прилеп и Општина Долнени

45. Предлог - одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална вода на Друштвото за производство, трговија и услуги Кватро Ана и други, ДОО увоз-извоз Куманово на локалитетот „Фабрика Кватро", Општина Куманово

46. Предлог – одлука за намалување на увозната давачка – царинската стапка за доматно пире

47. Изменување на Лиценцата број 44-6967/1 од 31.7.2018 година за приредување на игри на среќа во обложувалница издадена на Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Скопје

48. Информација по повод поднесената иницијатива на Државната комисија за спречување на корупцијата за поведување постапка за утврдување одговорност на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, со текст на Известување

**в) политички систем**

49. Информација со предлог за склучување на договор на Владата на Република Северна Македонија со Владата на Соединетите Американски Држави за набавка на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија, со текст на Договор

50. Барање на Снежана Трајаноф за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

51. Барање на Ристана Трајаноф за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

52. Информација за Петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, одржан на 12 март 2019 година, во Скопје

53. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот јули - септември 2019 година

54. Предлог - одлуки за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година на Скопје, Битола, Тетово и Кичево

55. Предлог - одлуки за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година на општините Куманово, Центар, Чаир, Струмица и Свети Николе

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

56. Предлог – програма за изменување на Програмата за научно - истражувачката дејност за 2019 година

57. Информација за добивање на одобрение за склучување на анекс 3 на договор за постапка за доделување на договор за повеќегодишна јавна набавка за набавка на „Превод со откупени авторски права, стручна редактура, лектура, компјутерска обработка, печатење и дистрибуција на 148 книги/учебници на македонски и албански јазик, од врвните и најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на ликовната уметност, филозофските и филолошките науки, природно-математичките науки, физичка култура, педагогија, туризам и бизнис логистика, дипломатија, политика, право и внатрешна безбедност, финансиите и менаџментот, културата, транспортот и телекомуникациите во тираж од по 1000 примероци по книга/учебник (од кои 750 примероци на македонски јазик и 250 примероци на албански јазик) за потребите на Министерството за образование и наука"

58. Информација за добивање на одобрение за склучување на анекс 3 на Договор за постапка за доделување на договор за повеќегодишна јавна набавка за набавка на „превод со откупени авторски права, стручна редактура, лектура, компјутерска обработка, печатење и дистрибуција на 500 книги/учебници на македонски и албански јазик, од врвните и најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија во тираж од по 1000 примероци по книга/учебник" (од кои 750 примероци на македонски јазик и 250 примероци на албански јазик)

59. Информација во врска со реализацијата на проектот „Изградба на културно образовен центар во Тетово, со нов театар и библиотека"

60. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство во врска со потребата за потпишување на Варијација на Договорот за изведба на Клиничка болница Штип

61. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема – компјутерски томографи, за потребите на ЈЗУ Општа болница Струмица и ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија

62. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема – магнетни резонанси за потребите на ЈЗУ Општа болница Прилеп, ЈЗУ Општа болница Гостивар и ЈЗУ Општа болница Охрид

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) предлози по кои Владата дава мислење

### (а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија

63. Предлог - закон за продажба на станови кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешна ЈНА или се добиени по пат на замена на недвижен имот кој потекнува од поранешната ЈНА и се доделени на користење на лица вработени во Министерство за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, поднесен од група пратеници

64. Предлог-закон за изменување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, по скратена постапка, поднесен од пратеникот Ејуп Алими

65. Годишна програма за работата на Агенцијата за пошти за 2020 година, со Предлог-одлука за одобрување на Годишната програма за работата на Агенцијата за пошти за 2020 година

66. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2020 година и Предлог - одлука за согласност на Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2020 година

67. Барање за давање на автентично толкување на членот 85 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/2019), поднесено од пратеникот Иван Стоилковиќ

### (б) по барање на органи, организации и други правни лица

68. Понуда од нотар Лорија Ваневска од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 4826 за КО Куманово на КП бр. 7461 дел 3 на викано место/улица „Никола Тесла“

69. Понуда од нотар Нита Џафери - Исени од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 101711/ за КО Тетово 1 на КП бр 2990 викано место/улица „ЈНА“ и Имотен лист бр. 101712 за КО Тетово 1 на КП бр. 2990 викано место/улица „ЈНА“ бр. 122

70. Известување од извршител Благоја Каламатиев од Скопје за Заклучок за втора усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување), која ќе се одржи на 30.12.2019 година, доставен под И.бр. 2869/2018

71. Известување од извршител Андреја Буневски од Скопје за втора усна јавна продажба на недвижност што ќе се одржи на 19.12.2019 година

72. Известување од извршител Љупчо Јованов од Кавадарци за Заклучок за определување на застапник (врз основа на член 239-а став (1) од Законот за извршување), доставен под И. бр. 608/2014

**б) други предлози**

73. Кадровски прашања

74. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

75. Информација за условите усогласени со Европската банка за обнова и развој за склучување на Амандман Бр. 3 на Договорот за заем (Оп.Бр. 44067) склучен со Европската банка за обнова и развој на 24.9.2013 година

76. Информација за давање на времено управување и одржување на водоснабдителен систем за ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2 на Јавно комунално претпријатие Водовод н. Илинден

77. Информација за резултатот од остварената комуникација на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје со АД Вардакс по однос на заклучокот од Владата на Република Северна Македонија

78. Акциски план за имплементација на дадените препораки од овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Агенцијата за планирање на просторот, со дополнување

79. Информација за пресуда од Основниот суд во Струга П4-217/15 од 29.3.2016 година

80. Информација во врска со состојбата со концесиите во околината на село Лабуништа, Општина Струга

81. Информација за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија за 2016 година

82. Информација за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија за 2016 година

83. Информација во врска со имплементација на Мултидимензионален преглед за целите за одржлив развој

84. Информација за статусот на подготовка на Доброволен национален преглед кон Организацијата на Обединетите нации (ООН) за имплементација на Агендата 2030 и Целите за одржлив развој

85. Информација за активностите за воведување и сертификација со систем за управување со енергија ISO 50001:2018 во Владата на Република Северна Македонија, со текст на Записник од работниот состанок за проектот на GEF-UNIDO „Поттикнување на пазарна трансформација за енергетска ефикасност во индустријата и забрзување на инвестиции во најдобрите практики и технологии во Република Северна Македонија"

86. Информација за пренамена на средства во рамки на Буџетот на Република Северна Македонија- Генерален секретаријат од потпрограма Д9- Финансиска поддршка на инвестиции во потпрограма Д5- Привлекување на директни странски инвестиции, со Предлог-одлука

87. Информација во врска со потребата од донесување на Одлука за престанување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Македонија и донесување на Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, со предлог-одлуки

88. Информација за утврдување на начин за изменување на Договорот за јавно приватно партнерство за јавна работа за изградба на две мали хидроелектрани на каналот за наводнување со кој управува Водостопанство Тиквеш бр. 05-750/52 од 6.11.2015 година и бр. 03-1 од 6.11.2015 година, склучен помеѓу АД „Водостопанство на РСМ" – Скопје (Водостопанство Тиквеш – Кавадарци) и Монтинг Енергетика Тиквеш ДОО Скопје со цел дислокација на изградбата на објектот МХЕЦ 1 за производство на електрична енергија

89. Информација со предлог за разгледување и одобрување на формирање на интер - ресорска работна група за подготвување на национална програма/план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства (жени и деца)

90. Информација за дополнување на Комуникациска стратегија на Владата на Република Северна Македонија 2019 - 2020 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

91. Информација и Барање во врска со Понуда за купување недвижен имот доставена до АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по Подавка бр.03-2626/1 од 27.11.2019 година од ЕВН Македонија, АД Скопје

92. Информација во врска со именување на советници на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

93. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги ЛИФЕ ПЛАНТ ДОО увоз – извоз Струмица за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог – одлука

94. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги ЕНДО КАНА ДОО Старо Нагоричане за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

95. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги ЦБД МЕДПЛАНТ ДОО, с. Борисово, Ново Село, за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

96. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги ЊУ ГАРДЕН ФАРМА ДООЕЛ Скопје, за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

97. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Греен - Медикал ДОО експорт - импорт Прилеп за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог – одлука

98. Информација за интервентно згрижување на лицата затекнати на локација под Кале во објекти на установи за социјална заштита

99. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за адаптација и пренамена на јужно крило на Здравствен дом „Нада Михајлова" во Дом за стари лица во Општина Пробиштип

100. Информација за потребата од основање нова национална установа „Албански театар за деца и млади"-Скопје, со Предлог-одлука за основање на Национална установа „Албански театар за деца и млади"-Скопје

101. Информација за потребата за поврат на финансиски средства од Општина Дојран, поради констатирани неправилности при спроведување на проект финансиран од ИПА Прекугранична програма, помеѓу Република Македонија и Република Грција 2007-2013

102. Предлог - закон за ратификација на Северноатлантскиот договор

103. Предлог - уредба за изменување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на полицијата

104. Предлог - одлука за продолжување на мандатот на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Канада, со седиште во Торонто

105. Информација за потпишување на Меѓународен Договор за размена на податоци за проверка на изјави за имотна состојба, со текст на Меѓународен договор

106. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција, по скратена постапка

107. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Куманово, Општина Куманово, со Предлог-одлука

108. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух(*)

109. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Основниот граѓански суд Скопје

110. Информација за активностите поврзани со спроведување на проценката за управувањето со јавни инвестиции (ПИМА) во Република Северна Македонија, со прилози

111. Информација на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи во врска со Барањето на Црвениот крст на Република Северна Македонија за поддршка на мигранти и бегалци

112. Предлог - одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на Рудник Демир Хисар АД Сопотница на локалитетот „Топлица" с. Сопотница, Општина Демир Хисар

113. Информација за работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење во АД „ЕСМ", Скопје за подружница РЕК Битола и РЕК Осломеј Кичево

114. Предлог - одлука за намалување на увозните давачки - царинските стапки на одделни производи (компоненти) потребни за производство на технолошко напредни производи

115. Предлог – закон за огласување ништовност и поништување на правни акти, дејствија, мерки и правни последици од постапките за лустрација

116. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2019 година

117. Предлог – одлука за изземање од вршење на определно дејствие на одговорното лице во Министерството за финансии врз основа на околности што укажуваат на постоење на судир на интереси

*

*　　*

Владата без забелешки го усвои Записникот од 167-та седница на Владата, одржана на 26 ноември 2019 година.

*

*　　*

Пред преминување на Дневен ред:

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

– **Информација за потпишување на два договори по пат на размена на писма: Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Народна Република Кина за Проектот за зајакнување на капацитетите за здравствена и социјална заштита во Република Северна Македонија и Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Народна Република Кина за Проектот за донација на опрема за Лабораторијата за молекуларна биологија при Природно математичкиот факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, Република Северна Македонија, со усогласени писма и договори**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на два договори по пат на размена на писма: Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Народна Република Кина за Проектот за зајакнување на капацитетите за здравствена и социјална заштита во Република Северна Македонија и Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Народна Република Кина за Проектот за донација на опрема за Лабораторијата за молекуларна биологија при Природно математичкиот факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, Република Северна Македонија, со усогласени писма и договори и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потпишување на два договори по пат на размена на писма: Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Народна Република Кина за Проектот за зајакнување на капацитетите за здравствена и социјална заштита во Република Северна Македонија и Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Народна Република Кина за Проектот за донација на опрема за Лабораторијата за молекуларна биологија при Природно математичкиот факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, Република Северна Македонија.

2. Ги усвои усогласените Писма за размена, односно усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Народна Република Кина за Проектот за зајакнување на капацитетите за здравствена и социјална заштита во Република Северна Македонија и усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Народна Република Кина за Проектот за донација на опрема за Лабораторијата за молекуларна биологија при Природно математичкиот факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, Република Северна Македонија.

3. Го определи д-р. Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања во името на Владата на Република Северна Македонија да ги потпише Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Народна Република Кина за Проектот за зајакнување на капацитетите за здравствена и социјална заштита во Република Северна Македонија и Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Народна Република Кина за Проектот за донација на опрема за Лабораторијата за молекуларна биологија при Природно математичкиот

факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, Република Северна Македонија, по пат на Размена на писма.

– **Информација за потпишување на Меморандум за меѓународна развојна соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Словенија за периодот 2020 – 2021 година, со усогласен текст на Меморандум**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за меѓународна развојна соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Словенија за периодот 2020 – 2021 година, со усогласен текст на Меморандум и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потпишување на Меморандум за меѓународна развојна соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Словенија за периодот 2020 – 2021 година.

2. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за меѓународна развојна соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Словенија за периодот 2020 – 2021 година.

3. Се определува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за меѓународна развојна соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Словенија за периодот 2020 – 2021 година.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во координација со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и општините Кавадарци, Неготино и Росоман, да ги планира средствата за ко – финансирање на проектот Третман и подготовка на вода за пиење во општините Кавадарци, Неготино и Росоман во рамки на максимално одобрените расходи за соодветните години, согласно динамиката на реализација на проектот.

5. Се укажува на општините Кавадарци, Неготино и Росоман да одржуваат редовна координација со Министерството за животна средина и просторно планирање во поглед на реализацијата на проектот Третман и подготовка на вода за пиење во општините Кавадарци, Неготино и Росоман.

6. Се укажува на општините Кавадарци, Неготино и Росоман навремено да обезбедат ко – финансирањето за проектот Третман и подготовка на вода за пиење во општините Кавадарци, Неготино и Росоман, согласно предвидениот процент на ко - финансирање од општинските буџети во проектот и согласно динамиката на спроведување на проектот.

7. Се укажува на Општина Охрид навремено да обезбеди средства за ко - финансирање на проектот Техничка помош за подготовка на инвестициски проекти за собирање и третман на отпад во с. Трпејца, Охрид согласно динамиката на спроведување на проектот.

*
* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за набавка на недвижни ствари со непосредна спогодба, со заклучок текстот на материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Кичево за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата по Нацрт – договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за трговија и услуги АИМ ИНВЕСТМЕНТС ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште, Предлог-одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за трговија и услуги АИМ ИНВЕСТМЕНТС ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште и Предлог-одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината ги донесе:

1. Одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за трговија и услуги АИМ ИНВЕСТМЕНТС ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште, во предложениот текст.

2. Новиот текст на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината, во предложениот текст.

Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за намалување на основната главнина на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје, Одлука за изменување на Изјавата за основање и Одлука за покривање на загубите на „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2017 година, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Новиот текст на Одлуката за намалувањето на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

2. Новиот текст на Одлуката за покривање на загубата на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2017 година, во предложениот текст.

3. Одлуката за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за вонредно Собрание на акционери на претпријатието за Нафтовод Солун - Скопје - Вардакс АД и ја усвои со следниов заклучок:

- Се овластува управителот на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје по точката „а)“ да гласа ЗА за измена на Статутот за негово прилагодување кон одредбите на Законот 4548/2018, (преобликување на Правото за Акционерски Друштва), а по однос на точката „б)“, да биде ПРОТИВ одобрување на издавање на кредит со обврзници.

Точка 8

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Деловникот за изменување на Деловникот за работа на Советот за унапредување и надзор на Ревизијата на Република Македонија, во предложениот текст.

Точка 9

Владата по новото Барање на согласност за склучување на договор за долготраен закуп со непосредна спогодба, со Предлог-одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на правното лице ДТУ „Мима велнес“ ДООЕЛ од Дебар, во предложениот текст

Точка 10

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2019 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Агенцијата за млади и спорт, во врска со пренаменетите средства од оваа Програма кои што се распределуваат, да подготви и да достави соодветен акт, за седницата што ќе се одржи на 28 декември (сабота) 2019 година.

## Точка 11

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, во предложениот текст.

## Точка 12

Владата го разгледа Предлог – законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за администрирање на социјалното осигурување, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 13

Владата го разгледа новиот текст на Предлог – законот за изменување на Законот за експропријација, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Шасине Касами, директор на Управата за имотно правни работи и Виолета Димитровска, раководител на сектор во Министерството за финансии – Управа за имотно правни работи.

## Точка 14

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог - законот за изменување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Шасине Касами, директор на Управата за имотно-правни работи и Валентина Димитровска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 15

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина (најнов текст) и го утврди со следните заклучоци:

1. Делот на Предлог-законот каде што се предвидува формирање на Комитет за контаминирано подрачје да се прецизира во смисла Комитетот да се формира како трајно работно тело, а за членови на Комитетот, институциите предвидени во Предлог-законот да предлагаат експерти.

2. Министерството за животна средина и просторно планирање да изврши усогласување на текстот на Предлог-законот со Секретаријатот за законодавство.

3. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Ана Петровска, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорѓовски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Точка 16

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог - законот за изменување на Законот за таксата за привремен престој го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Кирил Колемишевски, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Беким Хаџиу, раководител на сектор во Министерството за економија.

## Точка 17

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност, за седницата на Владата што ќе се одржи на 28.12.2019 година (сабота).

## Точка 18

Владата го разгледа Предлог - законот за изменување на Законот за угостителската дејност (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Кирил Колемишевски, заменик

на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Беким Хаџиу, раководител на сектор во Министерството за економија.

**Точка 19**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободувањето од плаќање на увозни давачки, како и вредноста, количината и видот или намената на
стоката која може да се ослободи од плаќање на увозни давачки, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - уредбата за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства на наредната седница на Владата која ќе се одржи на 28.12.2019 година (сабота), поради потребата Министерството за финансии да го усогласи текстот на Предлог-уредбата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Предлог – уредбата за изменување на Уредбата за класификација на површинските води (*), ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за класификација на површинските води (*), во предложениот текст и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање на секои шест месеци на доставува Информација за прогресот на активностите кои се услов за класификација на површинските води.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локацијата со реден број 51 на река Ехлоечка на концесионерот МХЕЦ Ехлоец ДОО Скопје, со текст на Договор и Анекс на Договор и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање во име на Владата на Република Северна Македонија како Концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Ехлоец со реф. бр.51 со концесионерот МХЕЦ Ехлоец ДОО Скопје, број 11-4181/1 од 4.5.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 26.10.2020 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од Концесионерот МХЕЦ Ехлоец ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот најмалку до 26.12.2020 година.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со Предлог-одлука и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река.

2. Ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со заклучок Министерството за животна средина и просторно планирање да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, за оваа цел потребно е, согласно со одредбите од Законот за водите надлежните институции да ги достават потребните документи, и тоа претходна согласност од Министерството за земјоделството, шумарство и водостопанство и позитивно мислење од Министерството за транспорт и врски, Министерството за одбрана, Министерството за култура, Министерството за внатрешните работи и Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата.

3. Се задолжуваат Кабинетот на заменик претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерство за економија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски и се препорачува на АД МЕПСО во рок од 5 дена да предложат член и заменик и се препорачува на АД ЕСМ во рок од 5 дена да предложат претседател и член, како и нивни заменици во комисијата за спроведување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна река.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање за наредната седница на Владата да достави предлог-решение за формирање на комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река.

## Точка 24

Владата го разгледа Извештајот за спроведување на Законот за субвенционирање на станбен кредит, со Предлог-одлука за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување на граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит во 2020 година, го усвои Извештајот и ја донесе Одлуката за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување на граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит во 2020 година, во предложениот текст.

Истовремено, се задолжува Министерството за финансии, за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 28 декември (сабота) 2019 година, да ја извести Владата за можноста за зголемување на бројот на членовите на Комисијата за евалуација на барања за

субвенционирани станбени кредити (законска основа), со цел вклучување на другите заедници во овој проект и заради негова поголема афирмација и реализација.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за регулирање на обврските и побарувањата на земјите сукцесори на поранешна СФРЈ кон и од Адриа банка Виена во ликвидација со насоки за натамошно постапување и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, да потпише согласност за прифаќање на барањето што Република Словенија ќе го достави до Окружниот суд во Виена, за распределба на депозитите на Адриа банка Виена депонирани во Окружниот суд во Виена, во проценти утврдени во Резолуцијата број 39.

2. Се овластува д-р Анита Ангеловска - Бежоска, гувернер на Народната банка на Република Северна Македонија, да потпише согласност за прифаќање на барањето што Република Словенија ќе го достави до Окружниот суд во Виена, за распределба на депозитите на Адриа банка Виена, депонирани во Окружниот суд во Виена, во проценти утврдени во Резолуцијата број 39.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-андезит и туф на локалитетот „Слепа Чука“ Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 4/2019 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 217/19), со Предлог – одлука и Извештај од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 4/2019, објавен во Службен весник на Република Северна Македонија бр.217/19 , ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – минерална вода, на Друштвото за производство, трговија и услуги КОЖУВЧАНКА ДОО увоз-извоз Кавадарци на локалитетот „Прашник“, Општина Кавадарци со заклучок Министерството за економија да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација по јавен повик за доделување на концесии за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас $CO_2$ на локалитетот кај с. Брод и с. Бач, Општина Новаци по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална

вода и гас $CO_2$ на локалитетот кај с. Брод и с. Бач, Општина Новаци бр.45-4142/1 од 25.6.2019 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.132/19) со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас $CO_2$ на Друштвото за производство и трговија БУСЕ ЕКСПЛОАТАЦИЈА ДООЕЛ Битола на локалитетот кај с. Брод и с. Бач, Општина Новаци, во предложениот текст.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за малата хидроелектрана на локацијата бр.349 Блатечка река на концесионерот Енерџи Лукс ДООЕЛ Кочани и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.349 Блатечка река на Концесионерот Енерџи Лукс ДООЕЛ Кочани до 31.7.2020 година.

2. Се задолжува Министерството за економија, во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Енерџи Лукс ДООЕЛ Кочани дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 1, за што ќе треба да се потпише анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.349 Блатечка река.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура на изградба на 400kV далековод од ТС400/110 kV Битола 2 до Македонско-Албанска граница и нова ТС400/110 kV Охрид со пристапен пат, Општина Новаци, Општина Битола, Општина Могила, Општина Ресен, Општина Дебрца, Општина Охрид и Општина Струга, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура на изградба на 400kV далековод од ТС400/110 kV Битола 2 до Македонско-Албанска граница и нова ТС400/110 kV Охрид со пристапен пат, Општина Новаци, Општина Битола, Општина Могила, Општина Ресен, Општина Дебрца, Општина Охрид и Општина Струга, во предложениот текст.

## Точка 31

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги „Горгиев компани“ ДООЕЛ Кочани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 32

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги „Горгиев Компани“ ДООЕЛ Кочани, со Предлог – одлука, ја

усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Павлина Јованова, ул. Киро Спанџов бр.1 Кавадарци, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Агро-екологија Јоцо Димитрие Јованов Кочани, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовни зони, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Шпиље“, во предложениот текст.

2. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Тиквешко Езеро“, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за поделба на имотот на ПТТ на Македонија помеѓу Пошта и Телеком, ја усвои и го задолжи Бирото за судски вештачења, без надомест, да направи процена на пазарната вредност на заедничките објекти на АД „Пошта на Северна Македонија“ – Скопје и Македонски Телеком АД – Скопје со нерешен имотно правен статус.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата условно ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на

Република Северна Македонија за 2019 година, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Чаир, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање од Друштвото за производство на електрична енергија Парк на ветерни електрани Еуроинг ДОО увоз - извоз Гевгелија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за овластување за изградба на енергетски објект Парк на ветерни електрани Еуроинг на Друштвото за производство на електрична енергија Парк на ветерни електрани Еуроинг ДОО увоз - извоз Гевгелија, во предложениот текст, согласно позитивното мислење од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**Точка 42**

Владата на предлог на м-р Крешник Бектеши, министе за економија ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за намалување на царинските стапки за други производи од гума, освен од тврда гума, други производи од железо или од челик и изолациони делови од керамички материјали.

**Точка 43**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштвото за производство, услуги и трговија Алмарко минерали ДОО Скопје на локалитетот „Стари Присад Стена“, Општина Прилеп и условно ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштвото за производство, услуги и трговија Алмарко минерали ДОО Скопје на локалитетот „Стари Присад Стена“, Општина Прилеп, доколку предлагачот достави до Владата потврда за платени јавни давачки од страна на Друштвото кон Управата за јавни приходи.

**Точка 44**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштвото за производство, услуги и трговија Волостоне ДОО Скопје на локалитетот „Самарница“, Општина Прилеп и Општина Долнени и условно ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштвото за производство, услуги и трговија Волостоне ДОО Скопје на локалитетот „Самарница“, Општина Прилеп и Општина Долнени, доколку

предлагачот достави до Владата потврда за платени јавни давачки од страна на Друштвото кон Управата за јавни приходи.

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална вода на Друштвото за производство, трговија и услуги Кватро Ана и други, ДОО увоз-извоз Куманово на локалитетот „Фабрика Кватро", Општина Куманово, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата на предлог на м-р Крешник Бектеши, министер за економија ја одложи од разгледување Предлог – одлуката за намалување на увозната давачка – царинската стапка за доматно пире.

**Точка 47**

Владата го одобри Изменувањето на Лиценцата број 44-6967/1 од 31.7.2018 година за приредување на игри на среќа во обложувалница издадена на Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Скопје, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата по повод поднесената иницијатива на Државната комисија за спречување на корупцијата за поведување постапка за утврдување одговорност на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, со текст на Известување и ја усвои Информацијата со заклучок Известувањето за постапувањето на Владата да се достави до Државната комисија за спречување на корупцијата.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за склучување на договор на Владата на Република Северна Македонија со Владата на Соединетите Американски Држави за набавка на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија, со текст на Договор (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Договорот со Владата на САД за набавка на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија согласно Писмото на понуда и прифаќање на понудата (Letter of Offer and Acceptance – LOA) FMS Case MK-B-UCC од 12 декември 2019 година.

2. Го овласти Драган Николиќ, државен секретар на Министерството за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија како договорна страна да го склучи договорот за набавка на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија со Владата на Соединетите Американски Држави.

3. Се задолжува Министерството за одбрана, веднаш по склучувањето на договорот, да изврши уплата на договорените финансиски средства до Владата на Соединетите Американски Држави од Буџетот на Министерството за одбрана за 2019 година.

**Точка 50**

Владата го разгледа Барањето на Снежана Трајаноф за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 51**

Владата го разгледа Барањето на Ристана Трајаноф за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 52**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, одржан на 12 март 2019 година, во Скопје и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да го достави до Владата Предлог - законот за инспекција во животната средина најдоцна до 30.12.2019 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање целосно да го операционализира Државниот автоматски систем за квалитет на воздухот до 30.12.2019 година.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да го достави до Владата Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентален воздух најдоцна до 30.12.2019 година.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Општина Битола да подготви План за квалитет на воздухот најдоцна до 30.10.2020 година.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја интензивира координацијата со локалната самоуправа од Североисточен и Источен регион за да се започне воспоставување на регионалниот центар за управување со отпад и функционална структура најдоцна до 30.12.2019 година.

6. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да достави пишан материјал на англиски јазик за напредокот во однос на воспоставувањето на потребните регионални структури за управување со отпад најдоцна до 30.12.2019 година.

7. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да го достави до Владата Предлог - законот за управување со отпад најдоцна до 30.12.2019 година.

8. Се задолжува Министерство за животна средина и просторно планирање да го достави до Владата Предлог - законот за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори најдоцна до 30.12.2019 година.

9. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да го достави до Владата Предлог - законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема најдоцна до 30.12.2019 година.

10. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да го достави до Владата Предлог - законот за управување со пакување и отпад од пакување најдоцна до 30.12.2019 година.

11. Се задолжува Министерство за животна средина и просторно планирање да го достави до Владата Предлог - законот за управување со посебни текови на отпад најдоцна до 30.12.2019 година.

12. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да го достави до Владата Предлог - законот за проширена одговорност на производителите најдоцна до 30.12.2019 година.

13. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да достави пишан материјал на англиски јазик за националните годишни цели за главни текови на отпад и нивно исполнување до Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 30.1.2020 година.

14. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да достави Листа на економски остварливи проекти од областа на управување со води на англиски јазик до Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 15.06.2020 година.

15. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Управата за хидрометеоролошки работи да ја операционализираат мрежата за мониторинг на водите до 30.9.2020 година.

16. Се задолжува Министерството за одбрана да започне со спроведување на препораките од Извештајот од оценската мисија за цивилна заштита најдоцна од 30.12.2019 година.

17. Се задолжува Министерството за одбрана да достави пишан материјал на англиски јазик за напредокот во однос на спроведување на препораките од Извештајот од оценската мисија за цивилна заштита до Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 30.12.2019 година.

18. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување да се приклучи кон Заедничкиот комуникациски и информациски систем за итни случаеви, по исполнување на сите технички предуслови најдоцна до 31.12.2019 година.

19. Се задолжуваат Министерството за здравство и Министерството за животна средина и просторно планирање да продолжат со транспонирање и имплементирање на законодавството на ЕУ за хемикалии, согласно Листата од Објаснувачкиот состанок за

животна средина и климатски промени, во континуитет и за новитетите да известат на состанокот на Поткомитет за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој кој ќе се одржи на 17 март 2020 година во Брисел.

20. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да го достави до Владата Предлог - законот за индустриски емисии најдоцна до 30.12.2019 година.

21. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви пишан материјал на англиски јазик за функционирањето на постојните пречистителни станици за отпадни води, со агломерациска мапа, и за причините и периодот на неработење на пречистителните станици најдоцна до 30.12.2019 година.

22. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги достави Предлог – стратегијата за климатски промени и Предлог - законот за климатски промени, на англиски јазик, до Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 30.06.2020 година.

23. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да достави Патоказ за транспонирање и спроведување на ЕУ законодавството за клима, на англиски јазик до Секретаријат за европски прашања до 30.12.2019 година.

24. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да достави Акциски план за зајакнување на административните капацитети за областа климатски промени на англиски јазик до Секретаријат за европски прашања најдоцна до 30.12.2019 година.

25. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да обезбеди зајакнување на административните капацитети за климатски промени со нови соодветни вработувања и за истото да ја извести Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 30.12.2019 година.

26. Се задолжува Министерството за надворешни работи да достави до Владата Предлог - закон за ратификација на Кигали Амандманот најдоцна до 30.12.2019 година.

27. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да продолжи со напорите за усогласување на Нацрт – стратегијата за климатски промени со Упатствата за Националниот интегриран план за енергија и клима, земајќи ги предвид петте димензии на Енергетската унија до 31.12.2019 година.

28. Се задолжува Министерството за економија да ја достави до Владата Предлог - програмата за заштита на потрошувачи 2019 – 2020 година, согласно Законот за заштита на потрошувачите најдоцна до 30.12.2019 година.

29. Се препорачува на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги да ја заврши сертификацијата на операторот на преносен систем за природен гас најдоцна до 15.06.2020 година.

30. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да достави до Владата предлог правен пропис усогласен со Регулативата 347/2013 за ТЕН-Е инфраструктура најдоцна до 31.12.2019 година.

31. Се задолжува Институтот за јавно здравје, како операторот на складот за нуклеарен отпад, да започне со постапката за воспоставување на објект за складирање на нуклеарен отпад и за истото да го информира Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 31.12.2019 година.

32. Се задолжува Министерството за економија да ја започне постапката за објавување на Предлог - закон за биогорива, усогласен со ЕУ Директивата за обновливи извори на енергија 2018/2001, на Единствениот национален електронски регистар на прописи најдоцна до 31.12.2019 година.

33. Се задолжуваат Министерството за економија и Министерство за транспорт и врски, а и се препорачува на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги да го финализираат процесот на поедноставување и рационализирање на постапките за одобрување, дозволување, лиценцирање и поврзување на инсталациите за обновлива енергија со мрежите најдоцна до 31.12.2019 година.

34. Се задолжува Министерството за економија да достави информација на англиски јазик за упатство за постапките за изработка на Нацрт - стратегијата за енергетика до Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 30.12.2019 година.

35. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да извести до Европска Комисија за напредок на процесот за задржување на кадарот кој работи на ИПА најдоцна до 30.12.2019 година.

36. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да достави информација на англиски јазик за реализација на Националната транспортна стратегија, за 2019 година, до Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 31.03.2020 година.

37. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да достави информација на англиски јазик за воспоставување на извршно тело за безбедност на патиштата до Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 31.12.2019 година.

38. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви предлог правен пропис и стратешка рамка усогласени со ЕУ законодавството за интелигентни транспортни системи најдоцна до 31.03.2021 година.

39. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви предлог правен пропис усогласен со законодавството на ЕУ за комбиниран транспорт најдоцна до 30.12.2020 година.

40. Се укажува на Агенцијата за цивилно воздухопловство да се подготви за Оценска мисија во рамки на Заедничката европска воздухопловна област до 15.01.2020 година.

41. Се задолжува Генералниот секретаријат да предвиди средства во својот буџет за 2020 година за оперативно функционирање на Комитетот за водење на истрага за случени сериозни несреќи, несреќи и инциденти на железничкиот систем и да спроведе постапка за именување на тројца истражители врз основа на јавен оглас и за истото да ја информира Европска Комисија преку Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 30.12.2019 година.

42. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи да обезбеди простории каде ќе бидат сместени вработените на Комитетот за водење на истрага за случени сериозни несреќи, несреќи и инциденти на железничкиот систем и да го информира Секретаријат за европски прашања најдоцна до 30.12.2019 година.

43. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да достави информација на англиски јазик за административните и оперативните капацитети на Комитетот за водење на истрага за случени сериозни несреќи, несреќи и инциденти на железничкиот систем до Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 1.3.2020 година.

44. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да започне со усогласување на законодавството со ЕУ Регулативата 1177/2010 за правата на патниците најдоцна до 30.12.2019 година.

45. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да подготви информација на англиски јазик за напредокот во усогласувањето на националното законодавство со законодавството на ЕУ за безбедност во сообраќајот на патиштата најдоцна до 31.12.2019 година.

## Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот јули - септември 2019 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Комисијата за станбени прашања, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда-Управа за извршување на санкциите, Управа за водење на матичните книги, Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат, Министерството за информатичко општество и администрација, Државниот управен инспекторат, а им се укажува на центрите за социјална работа, Државната комисија за одлучување од втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Агенцијата за администрација во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител во текот на месеците јули, август и септември 2019 година, по кои сè уште не постапиле и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да праќаат известување до Народниот правобранител и до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, извештаите, односно табеларните прегледи за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител за месеците

октомври, ноември и декември 2019 година во рок од пет дена да ги достават до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија заедно со копија од одговорот на секоја претставка, доставен до подносителот на претставката и до Народниот правобранител.

**Точка 54**

Владата ги донесе одлуките за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година на Скопје, Битола, Тетово, Кичево, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година (Општина Куманово), во предложениот текст.

2. Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година (Општина Свети Николе), во предложениот текст.

3. Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година (Општина Струмица), во предложениот текст.

4. Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година (Општина Центар), во предложениот текст.

5. Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година (Општина Центар), во предложениот текст.

6. Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година (Општина Чаир), во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за научно - истражувачката дејност за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за добивање на одобрение за склучување на анекс 3 на договор за постапка за доделување на договор за повеќегодишна јавна набавка за набавка на „Превод со откупени авторски права, стручна редактура, лектура, компјутерска обработка, печатење и дистрибуција на 148 книги/учебници на македонски и албански јазик, од врвните и најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на ликовната уметност, филозофските и филолошките науки, природно-математичките науки, физичка култура, педагогија, туризам и бизнис логистика, дипломатија, политика, право и внатрешна безбедност, финансиите и менаџментот, културата, транспортот и телекомуникациите во тираж од по 1000 примероци по книга/учебник (од кои 750 примероци на македонски јазик и 250 примероци на албански јазик) за потребите на Министерството за образование и наука" и даде одобрение на Министерството за образование и наука за склучување на анекс 3 на

договор за постапка за доделување на договор за повеќегодишна јавна набавка за набавка на „Превод со откупени авторски права, стручна редактура, лектура, компјутерска обработка, печатење и дистрибуција на 148 книги/учебници на македонски и албански јазик, од врвните и најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на ликовната уметност, филозофските и филолошките науки, природно-математичките науки, физичка култура, педагогија, туризам и бизнис логистика, дипломатија, политика, право и внатрешна безбедност, финансиите и менаџментот, културата, транспортот и телекомуникациите во тираж од по 1000 примероци по книга/учебник (од кои 750 примероци на македонски јазик и 250 примероци на албански јазик) за потребите на Министерството за образование и наука".

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на одобрение за склучување на анекс 3 на Договор за постапка за доделување на договор за повеќегодишна јавна набавка за набавка на „превод со откупени авторски права, стручна редактура, лектура, компјутерска обработка, печатење и дистрибуција на 500 книги/учебници на македонски и албански јазик, од врвните и најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија во тираж од по 1000 примероци по книга/учебник" (од кои 750 примероци на македонски јазик и 250 примероци на албански јазик ) и да даде одобрение на Министерството за образование и наука за склучување на анекс 3 на Договор за постапка за доделување на договор за повеќегодишна јавна набавка за набавка на „Превод со откупени авторски права, стручна редактура, лектура, компјутерска обработка, печатење и дистрибуција на 500 книги/учебници на македонски и албански јазик, од врвните и најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија во тираж од по 1000 примероци по книга/учебник" (од кои 750 примероци на македонски јазик и 250 примероци на албански јазик).

**Точка 59**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со реализацијата на Проектот – Изградба на културно образовен центар во Тетово, со нов театар и библиотека на наредната седница на Владата која ќе се одржи на 28.12.2019 година (сабота), поради дополнителни усогласувања.

**Точка 60**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство во врска со потребата за потпишување на Варијација на Договорот за изведба на Клиничка болница Штип, за седницата што ќе се одржи на 28 декември (сабота) 2019 година, поради потребата од дополнителни усогласувања по материјалот.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема – компјутерски томографи, за потребите на

ЈЗУ Општа болница Струмица и ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2020 година и 2021 година на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема – компјутерски томографи за потребите на ЈЗУ Општа болница Струмица и ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија, во вкупна вредност од 36.000.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 20.000.000,00 денари во 2020 година и
- 16.000.000,00 денари во 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство потребните средства за набавка на медицинска опрема – компјутерски томографи за потребите на ЈЗУ Општа болница Струмица и ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2020 година и 2021 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година и 2021 година.

3. Се задолжува Министерството за здравство да ја информира Владата за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање, на секои девет месеци, се до конечна реализација на набавката.

<u>Точка 62</u>

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема – магнетни резонанси за потребите на ЈЗУ Општа болница Прилеп, ЈЗУ Општа болница Гостивар и ЈЗУ Општа болница Охрид и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2020 година, 2021 година и 2022 година на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема – магнетни резонанси за потребите на ЈЗУ Општа болница Прилеп, ЈЗУ Општа болница Гостивар и ЈЗУ Општа болница Охрид, во вкупна вредност од 120.000.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:
- 40.000.000,00 денари во 2020 година;
- 40.000.000,00 денари во 2021 година и
- 40.000.000,00 денари 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство потребните средства за набавка на медицинска опрема – магнетни резонанси за потребите на ЈЗУ Општа болница Прилеп, ЈЗУ Општа болница Гостивар и ЈЗУ Општа болница Охрид, да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2020 година, 2021 година и 2022 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, 2021 година и 2022 година.

3. Се задолжува Министерството за здравство да ја информира Владата за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање, на секои девет месеци, се до конечна реализација на набавката.

## Точка 63

Владата го разгледа Предлог - законот за продажба на станови кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешна ЈНА или се добиени по пат на замена на недвижен имот кој потекнува од поранешната ЈНА и се доделени на користење на лица вработени во Министерство за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Се дава позитивно Мислење, со забелешка во делот на Воведот глава I (последен пасус) и Образложението во членот 9 каде рокот треба да биде 6 (шест) месеци како што е наведено во Предлог – законот во член 9 кој гласи:

- Барање од член 5 став (1) на овој закон, се поднесува во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

- Во Предлог – законот во член 5 став (4) треба да стои:
„Документацијата од став (3) на овој член, се доставува во оригинал или копија заверена заверена на нотар, не постара од шест месеци".

## Точка 64

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, по скратена постапка, поднесен од пратеникот Ејуп Алими и по истиот утврди позитивно мислење.

## Точка 65

Владата ја разгледа Годишната програма за работата на Агенцијата за пошти за 2020 година, со Предлог-одлука за одобрување на Годишната програма за работата на Агенцијата за пошти за 2020 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 12 став (4) од Законот за поштенски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10, 27/14, 42/14, 187/14, 146/15, 31/16, 190/16, 64/18, 248/18 и 27/19), Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за наредната година се доставува до Собранието на Република Северна Македонија до 30 ноември во тековната година, а Собранието ја одобрува најдоцна до 31 декември истата година, истата содржи Програма за работа за наредната година, Финансиски план за наредната година и Одлука за вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок.

Годишната програма за работа за наредната година на Агенцијата согласно член 16 алинеја 8 од цитираниот закон ја усвојува Комисијата како орган на Агенцијата за пошти.

Во Финансискиот план на Агенцијата за 2020 година, приходите и расходите на Агенцијата се планирани во вкупен износ од 32.000.000 денари и истите во однос на планираните во 2019 година се зголемени за 8,47%. Во рамките на планираните приходи, сопствените приходи - приходите од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги се

зголемени за 3,45% (односно за 800.000 денари), како резултат на планираното зголемување на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок, која во 2019 година изнесувала 437,1173 денари, а во 2020 година се планира да изнесува 451,8498 денари. Зголемувањето на вредноста на поенот би значело зголемување на трошоците на работењето на давателите на поштенски услуги што би создало можност за зголемување на цената кон крајните корисници.

Согласно прикажаните податоци од споредбената анализа, може да се констатира дека во 2020 година, одредени расходи се планирани на исто или пониско ниво во однос на планираното во 2019 година, а одредени расходи се планирани на повисок износ во однос на планираниот за 2019 година и тоа: издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација, наемнини, дневници за службени патувања и патни трошоци, негативни курсни разлики, членарини, средства за градежни работи - уредување и адаптација, средства за опрема и вкалкулирани плати. Притоа е дадено образложение за причините за планираното зголемување на горенаведените расходи.

Исто така, Агенцијата за пошти за 2020 година, има предвидено Програма која ќе биде во насока на понатамошна имплементација на Законот за поштенски услуги, како и на градење и развивање на регулаторни политики кои ќе бидат во насока на обезбедување на поволен деловен амбиент како основа за создавање на ефикасна и одржлива конкуренција на пазарот на поштенските услуги од која бенефит, пред се, ќе имаат корисниците на поштенските услуги.

**Точка 66**

Владата го разгледа Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2020 година и Предлог - одлука за согласност на Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2020 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 56 став (1) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/02, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08, 48/09, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16, 21/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.180/19), Агенцијата, најдоцна до 31 декември во тековната година, доставува финансиски план за наредната година на усвојување на Собранието на Република Северна Македонија.

Според член 56 став (3) точка а) и став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата наплатува месечен надомест на товар на пензиските друштва¬ најмногу до 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат. Висината на надоместоците што ги наплатува Агенцијата ја утврдува Советот на експерти на Агенцијата, на која согласност дава Собранието на Република Северна Македонија и истите се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Со Агенцијата управува Советот на експерти на Агенцијата составен од претседател и четворица членови, кои ги именува и разрешува Собранието на Република Северна Македонија на предлог на Владата на Република Северна Македонија. Претседателот и двајца членови на Советот се професионално ангажирани во Агенцијата со полно работно

време и не можат да имаат друга функција и да бидат вработени на друго работно место или да добиваат друг надоместок освен плата.

Во доставениот Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2020 година, прикажани се вкупните планирани приходи за 2020 година во износ од 64.050.000 денари, од кои 60.000.000 денари од месечниот надоместок од 0,8% од вкупните придонеси што Агенцијата го наплатува од пензиските друштва, 3.200.000 денари од други административни надоместоци и 850.000 денари од приходи од камати.

Вкупните планирани расходи за 2020 година изнесуваат 63.785.000 денари и се прикажани во ставки на планирани трошења, при што вкупните планирани расходи за 2020 година се повисоки за 22,13% од вкупните планирани расходи за 2019 година, кои изнесуваа 52.228.000 денари.

Во некои од ставките има поголеми разлики и зголемувања за 2020 година споредено со финансискиот план за 2019 година, и тоа:

- Во ставка под бр. 2.4. Други услуги од Финансискиот план, планирани се 11.910.000 денари за 2020 година, додека за 2019 година биле планирани 6.190.000 денари, што се за 92,4% повисоки од планираните расходи за оваа ставка во 2019 година. Според МАПАС, повисоките планирани расходи за оваа ставка се должат на тоа што трошоците за организирање на настани за промовирање и развој на капитално финансирано пензиско осигурување, како и одржување на ИБМ хардверска опрема кои досега се финансирале од резервниот фонд на Агенцијата, во 2020 година се планираат да се финансираат од тековниот финансиски план. Во овие расходи се предвидуваат и трошоците за услуги за промовирање, организирање и поттикнување на развојот на капитално финансирано пензиско осигурување во износ од 5.000.000 денари. Исто така, во овие расходи се предвидени и трошоците за настанот „15 Септември – Ден на пензиска свесност", како и трошоците за промовирање на системот за капитално финансирано пензиско осигурување. Планираните расходи за одржување на ИБМ хардверска опрема изнесуваат 1.200.000 денари.

- Во ставка под бр. 2.11. Патни и дневни расходи од Финансискиот план, Планираните трошоци за оваа намена изнесуваат 1.600.000 денари, што се повисоки за 14,28% во однос на истите планирани расходи за 2019 година кои изнесуваа 1.400.000 денари. Ова е поради препораката во извештаите на Европската комисија и Светка банка за јакнење на човечките капацитети на МАПАС.

Со оглед дека се работи за поголеми износи на планирани расходи, сметаме дека треба посебно да се прикажат активностите кои се планирани да се спроведат во рамките на ставките под бр. 2.4. и бр. 2.11. од Финансискиот план.

Во Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2020 година, висината на надоместокот се предвидува да изнесува 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.50/10), месечниот надомест што Агенцијата го наплатува на товар на пензиските друштва изнесува

најмногу до 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат. Во периодот од 2010 до 2019 година, МАПАС наплатува надоместок од 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат. Во образложението на Одлуката, Агенцијата наведува дека проекциите покажуваат дека месечниот надомест за 2020 година, како и претходните години, треба да остане во рамките на законски утврдениот лимит од 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат.

Владата по текстот на Предлог - одлуката за согласност на Одлуката за месечниот надоместок што го наплатува Агенцијата за супервизија на висина на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2020 година, освен редакциски нема други забелешки.

Исто така, Владата нема забелешки во однос на Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2020 година и Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2020 година.

## Точка 67

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членот 85 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/2019), поднесено од пратеникот Иван Стоилковиќ и притоа го утврди следното мислење:

Членот 85 од Законот за работните односи се однесува на формата на одлуката за откажување на договорот за вработување, односно одлуката за паричната казна и гласи:

„Одлуката за откажување на договорот за вработување, односно одлуката за изрекување на парична казна задолжително се дава во писмена форма, со образложение на основот и причината за откажување на договорот за вработување, односно причината за изрекување на паричната казна со правна поука.“.

Во барањето за автентично толкување се наведува дека потребата од давање на автентично толкување произлегува од повеќе различни сфаќања на оваа одредба во судската пракса така што некои судии и адвокати оваа одредба ја толкуваат на начин дека работодавачот при изрекување на парична казна на работникот мора да наведе правен основ за казната. Понатаму, се наведува дека спротивно на тоа е сфаќањето дека наведувањето на правниот основ е обврска за работодавачот само кога донесува одлука за отказ, а не и за парична казна, односно дека за паричната казна е доволно само да се наведе образложение со причините за казната. Второто сфаќање гледа оправдување во тоа дека не постои и дека не може да постои прекршочно-дисциплински законик кој би можел да ги утврди сите можни дисциплински прекршоци кај работодавачот, особено ако се знае дека некои работодавачи и немаат интерни правни акти и своето работење го темелат директно врз законските прописи. Оттука, поради наведеното се наметнува дилемата дали работодавачот во одлуката за парична казна мора да внесе и правен основ за казната или е доволно во одлуката да внесе само образложение за причините на казната.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Владата смета дека членот 85 доволно јасно утврдува дека во писмената одлука и за откажување на договорот за вработување и за одлуката за изрекување на парична казна задолжително се образложува основот за донесување на одлуката.

Имено, Законот за работните односи предвидува дека парична казна се изрекува исклучиво за повреда на работните обврски и на работниот ред и дисциплина, со тоа што членот 84 утврдува дека во зависност од степенот на одговорноста на работникот, условите под кои е направена повредата на работните обврски и на работниот ред и дисциплина, поранешната работа и однесување на работникот, тежината на повредата и нејзините последици, работодавачот може на работникот да му изрече парична казна, која не може да биде поголема од 15% од последната исплатена месечна нето плата на работникот, во траење од еден до шест месеца. Со членовите 81 и 82 од Законот се утврдени основите за откажување на договорот за  вработување со или без отказен рок поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски (причини на вина на работникот), со тоа што се дадени полу-затворени листи со основи за откажување на договорот. Во таа смисла, овие два члена од Законот даваат можност да се утврдат и други случаи на кршење на работниот ред и дисциплина со колективен договор, правила за работниот ред и дисциплина или закон. Следствено на тоа, работодавачот е во апсолутна диспозиција во одлучувањето, по утврдена одговорност на работникот, дали да му го откаже договорот за вработување на работникот или да донесе одлука за изрекување на парична казна. Оттука, за да работодавачот донесе одлука за изрекување на парична казна, мора да постои определено однесување или дејствие на работникот квалификувано како кршење на работните обврски или на работната дисциплина и ред, со основ предвиден во закон, колективен договор или правила за работниот ред и дисциплина. Секоја одлука за изрекување на парична казна која нема да го содржи основот за нејзино изрекување, ја доведува во прашање законитоста на самата одлука, бидејќи паричното санкционирање на работникот е предвидено само во случај на неисполнување на работните обврски и кршењето на работниот ред и дисциплина. Во сите други случаи работодавачот има само можност да му го откаже договорот за вработување на работникот.

Од овие причини, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија, да не дава автентично толкување на членот 85 од Законот за работните односи, бидејќи содржината на членот е јасна и не упатува на двосмислена примена на истиот.

## Точка 68

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лорија Ваневска од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 4826 за КО Куманово на КП бр. 7461 дел 3 на викано место/улица „Никола Тесла“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 69

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Нита Џафери - Исени од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 101711/ за КО Тетово 1 на КП бр 2990 викано место/улица „ЈНА“ и Имотен лист бр. 101712 за КО Тетово 1 на КП бр. 2990 викано место/улица „ЈНА“ бр. 122, за наредната седница на Влада, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради

потребата Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје да достави мислење по Понудата.

**Точка 70**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Благоја Каламатиев од Скопје за Заклучок за втора усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување), која ќе се одржи на 30.12.2019 година, доставен под И.бр. 2869/2018 и по истото го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 71**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Андреја Буневски од Скопје за втора усна јавна продажба на недвижност што ќе се одржи на 19.12.2019 година и по истото го усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 72**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Љупчо Јованов од Кавадарци за Заклучок за определување на застапник (врз основа на член 239-а став (1) од Законот за извршување), доставен под И. бр. 608/2014 и по истото го усвои Мислењето на Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

**Точка 73**

1. Владата од должноста членови на Комитетот за одобрување на инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој, поради истек на мандатот, ги разреши:

- Глигор Ташковиќ (Gligor Tashovich) и
- Ави Сахи (Avi Sahi).

1.1.Владата за членови на Комитетот за одобрување на инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој, со мандат од 2 (две) години, ги именува:

- Noel Gregor Paterson Jones (Ноел Грегор Патерсон Џоунс) и
- Vibhu Sharma (Вибху Шарма).

2. Владата од должноста претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, поради истек на мадатот, ги разреши:

а) од претседател
- Александар Касапинов

б) од членови:
- Ацо Дуковски,
- Блерим Османи,
- Бојан Лазаревски и
- Георги Трајчев.

2.1. Владата за претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, ги именува:

а) за претседател
- Александар Касапинов

б) за членови:
- Ацо Дуковски,
- Блерим Османи,
- Бојан Лазаревски и
- Георги Трајчев.

3. Владата го разреши Зеко Абази од должноста заменик на директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, поради истек на мандатот за кој е именуван.

4. Владата ја именува Дрита Мифтари за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално- финансиското работење на Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје.

5. Владата донесе Решение за исправка на Решението за разрешување и именување претседател на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија (наместо:„ Ељеса Челик“, треба да стои: „Ељеса Јонузи “.)

6. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со пасишта–Скопје, за вршител на должност заменик на директорот на ЈП за стопанисување со пасишта–Скопје, да го именува Петре Дамчески.

7. Владата го задолжи министерот за финансии да донесе одлука за распишување на јавен оглас за именување на заменик- директор на Управата за јавни приходи.

8. Владата го задолжи Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, согласно член 31 став 2 и став 3 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2013, 137/2013, 41/2014 44/2015, 6/2016, 53/2016, 190/2016 и 64/2018), да објави Меѓународен оглас за избор на три члена на Комитетот за одобрување на инвестиции.

9. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта да го разреши Исни Јакупи од должноста вршител на должност заменик на директорот на Јавното претпријатие за државни патишта и на ист начин како што го именувал претходниот, да го именува Сељатин Беѓули за вршител на должност заменик на директорот на Јавното претпријатие за државни патишта.

**<u>Точка 74</u>**

1. Владата ја номинираше д-р Рената Дескоска, министер за правда, за претставник на Република Северна Македонија во Европската комисија за демократија преку право, независно советодавно тело при Советот на Европа.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за надворешни работи да ја извести Комисијата за номинацијата.

Д-р Рената Дескоска, министер за правда, не учествуваше при одлучувањето по однос на ова прашање.

2. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 16 декември 2019 година до 22 декември 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

3. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 10 декември 2019 година до 15 декември 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

4. Владата по Барањето за изменување на Заклучок од Сто педесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 октомври 2019 година (бр.45-17/156), Точка 55 Прашања и предлози а во врска со Информацијата за одржување на Петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 13 ноември 2018 година во Скопје, а кој гласи:

„11. Се задолжува Министерството за финансии да ја финализира и да ја усвои Стратегијата за реформа на даночниот систем, најдоцна до ноември 2019 година.“, заклучи истиот да се измени и да гласи:

„11. Се задолжува Министерството за финансии да ја финализира и да ја усвои Стратегијата за реформа на даночниот систем, најдоцна до крајот на февруари 2020 година.“

5. Владата го разгледа Предлог – договорот за заем помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост и заклучи:

1. Го прифати текстот на Предлог – договорот за заем помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост.

2. Се задолжува д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот за заем помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост.

6. Владата го разгледа Извештајот за случувањата во Националната установа Македонски народен театар на 22.11.2019 година во 21 часот и заклучи:

1. Се задолжува д-р Хусни Исмаили, министер за култура да го задолжи директорот на НУ Македонски народен театар да ја надомести штетата од организаторите на настанот (од 22.11.2019 година, во 21 часот).

2. Се задолжува д-р Хусни Исмаили, министер за култура да преземе соодветни мерки против директорот на НУ Македонски народен театар, согласно закон.

7. Владата го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да го провери составот/содржината и сите карактеристики на нафтата и нафтените деривати застапени на домашниот пазар, по квалитет и еколошки стандарди што се применуваат во европските земји, во насока на влијание врз животната средина, со цел до Владата да предложи постапки и мерки за приближување до европската регулатива и со кои ќе се овозможи царинска контрола при увоз на нафтените деривати.

## Точка 75

Владата ја разгледа Информацијата за условите усогласени со Европската банка за обнова и развој за склучување на Амандман Бр. 3 на Договорот за заем (Оп.Бр. 44067) склучен со Европската банка за обнова и развој на 24.9.2013 година, како материјал за информирање.

## Точка 76

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на времено управување и одржување на водоснабдителен систем за ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2 на Јавно комунално претпријатие Водовод н. Илинден, како материјал за информирање.

## Точка 77

Владата ја разгледа Информацијата за резултатот од остварената комуникација на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје со АД Вардакс по однос на заклучокот од Владата на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

## Точка 78

Владата го разгледа Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Агенцијата за планирање на просторот, со дополнувањето, како материјал за информирање.

## Точка 79

Владата ја разгледа Информацијата за пресуда од Основниот суд во Струга П4-217/15 од 29.3.2016 година, како материјал за информирање.

## Точка 80

Владата ја разгледа Информацијата во врска со состојбата со концесиите во околината на село Лабуништа, Општина Струга, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за економија да ги разгледа сите законски можности за еднострано раскинување на договорите за концесија.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија за 2016 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да престане да важи обврската за Министерството за здравство да информира за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки, со оглед дека препораките содржани во рамките на Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија за 2016 година, се спроведени.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија за 2016 година, како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со имплементација на Мултидимензионален преглед за целите за одржлив развој, како материјал за информирање.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на подготовка на Доброволен национален преглед кон Организацијата на Обединетите нации (ООН) за имплементација на Агендата 2030 и Целите за одржлив развој и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства и Државниот завод за статистика до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економски ресори да ги доставаат потребните податоци по однос на стратешки документи, програми, активности и статистики заклучно со 30.1.2019 година.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да ја информира Владата за статусот на подготовка на Доброволен национален извештај кон Организацијата на Обединетите нации (ООН) за имплементација на Агендата 2030 и целите за одржлив развој, најдоцна до 20 март 2020 година.

3. Се номинира, Ана Јовановска, претставник од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, за Национален координатор (Focal point) за Агенда 2030 и Целите за одржлив развој кон Организацијата на Обединетите нации и за координатор на процесот за изготвување на Доброволниот национален извештај.

4. Се номинира Снежана Шиповиќ претставник од Државниот завод за статистика, за Национален координатор (Focal point) за статистички податоци и индикатори по однос на Агендата 2030 на Организацијата на Обединетите нации (ООН).

5. Се задолжува Генералниот секретаријат на Влада на Република Северна Македонија да обезбеди превод од англиски на македонски и обратно, за потребните материјали до изготвување на финалната верзија на Доброволниот национален преглед и финалната верзија од истиот.

## Точка 85

Владата ја разгледа Информацијата за активностите за воведување и сертификација со систем за управување со енергија ISO 50001:2018 во Владата на Република Северна Македонија, со текст на Записник од работниот состанок за проектот на GEF-UNIDO „Поттикнување на пазарна трансформација за енергетска ефикасност во индустријата и забрзување на инвестиции во најдобрите практики и технологии во Република Северна Македонија" и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го определи генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Записникот од работниот состанок за проектот на GEF-UNIDO „Поттикнување на пазарна трансформација за енергетска ефикасност во индустријата и забрзување на инвестиции во најдобрите практики и технологии во Република Северна Македонија" од страна на Владата на Република Северна Македонија, за воведување и сертификација со систем за управување со енергија ISO 50001:2018 во просториите на Владата на Република Северна Македонија.

2. Ги назначи следните лица да работат на воведување на системот за управување со енергија во Владата на Република Северна Македонија:

- Сандра Андовска - советник за одржлив развој, Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори,

- Елена Ивановска - државен советник, Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и

- Миа Деспотовска - Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да ја извести Владата за процесот на воведување и сертификација со систем за управување со енергија ISO 50001:2018, најдоцна до 30.6.2020 година.

## Точка 86

Владата ја разгледа Информацијата за пренамена на средства во рамки на Буџетот на Република Северна Македонија- Генерален секретаријат од потпрограма Д9- Финансиска поддршка на инвестиции во потпрограма Д5- Привлекување на директни странски инвестиции, со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 87

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со потребата од донесување на Одлука за престанување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Македонија и донесување на Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, со Предлог-одлуки и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Македонија, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

3. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Регулаторната комисија за енергетика и АД Национални енергетски ресурси-Скопје во рок од три дена до Министерството за економија да достават номинации за член и заменик член во Комисијата за спроведување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на нов систем за дистрибуција на природен гас на територијата на Република Северна Македонија.

4. Се задолжува Министерството за економија во рок од три дена по објавување на Одлуката од точка 2 од овие заклучоци во „Службен весник на Република Северна Македонија" до Владата на Република Северна Македонија да достави Предлог-решение за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на нов систем за дистрибуција на природен гас на територијата на Република Северна Македонија.

## Точка 88

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на начин за изменување на Договорот за јавно приватно партнерство за јавна работа за изградба на две мали хидроелектрани на каналот за наводнување со кој управува Водостопанство Тиквеш бр. 05-750/52 од 6.11.2015 година и бр. 03-1 од 6.11.2015 година, склучен помеѓу АД „Водостопанство на РСМ" – Скопје (Водостопанство Тиквеш – Кавадарци) и Монтинг Енергетика Тиквеш ДОО Скопје со цел дислокација на изградбата на објектот МХЕЦ 1 за производство на електрична енергија, и притоа заклучи Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија при одлучување по барањето од страна на Монтинг Енергетика Тиквеш да го има предвид мислењето на Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 89

Владата ја одложи од разгледување Информацијата со предлог за разгледување и одобрување на формирање на интер - ресорска работна група за подготвување на национална програма/план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства (жени и деца) за наредната седница на Владата што ќе се одржи на 28 декември 2019 година (сабота), поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Секретаријатот за законодавство во насока да достави соодветен предлог за формирање на интер - ресорската работна група кој ќе ги содржи задачите, целите и структурата на истата.

## Точка 90

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за дополнување на Комуникациска стратегија на Владата на Република Северна Македонија 2019 - 2020 година.

## Точка 91

Владата ја разгледа Информацијата и Барање во врска со Понуда за купување недвижен имот доставена до АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по Подавка бр.03-2626/1 од 27.11.2019 година од ЕВН Македонија, АД Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1. АД ЕСМ Скопје во оставениот рок од 30 дена да се произнесе

- дека е заинтересиран / дека не е заинтересиран,
за купување на предметната недвижност согласно Понудата доставена од ЕВН Македонија, АД Скопје.

2. АД ЕСМ Скопје да преговара со ЕВН Македонија, АД Скопје за понудената цена и условите за продажба, пред да се изјасни по однос на Понудата.

## Точка 92

Владата ја разгледа Информацијата во врска со именување на советници на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Точка 93

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги ЛИФЕ ПЛАНТ ДОО увоз – извоз Струмица за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги ЛИФЕ ПЛАНТ ДОО увоз - извоз Струмица, во предложениот текст.

Точка 94

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги ЕНДО КАНА ДОО Старо Нагоричане за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги ЕНДО КАНА ДОО Старо Нагоричане.

Точка 95

Владата ја разгледа Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги ЦБД МЕДПЛАНТ ДОО, с. Борисово, Ново Село, за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги ЦБД МЕДПЛАНТ ДОО с. Борисово, Ново Село.

Точка 96

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги ЊУ ГАРДЕН ФАРМА ДООЕЛ Скопје, за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги ЊУ ГАРДЕН ФАРМА ДООЕЛ Скопје.

Точка 97

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Греен - Медикал ДОО експорт - импорт Прилеп за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Греен - Медикал ДОО експорт - импорт Прилеп, во предложениот текст.

Точка 98

Владата ја разгледа Информацијата за интервентно згрижување на лицата затекнати на локација под Кале во објекти на установи за социјална заштита и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика преку Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, да донесе решение за сместување, во објект што ги користи Јавната установа за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение во Скопје (објекти на КП 1062 и КП 1063 евидентирани во пописен лист со незапишани права 2430 за КО Маџари, за период декември 2019 - мај 2020).

2. Министерството за труд и социјална политика, преку Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, во соработка со невладините организации кои работат во областа, да преземе активности за обезбедување на потребната лична документација за беспрано населените семејства на локација под Кале, во насока на остварување на правата од социјална и здравствена заштита, односно за вклучување на пазарот на труд.

3. Се укажува на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје еднаш месечно да ја преиспитува семејната и материјалната состојба и станбените услови на сместените семејства.

4. Се укажува на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје еднаш месечно да доставува извештај за сместените лица до Министерство за труд и социјална политика (до петти во месецот за претходниот месец).

5. Се укажува на Јавната установа за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение во Скопје да обезбеди сместување и еден топол оброк во текот на денот за секое сместено лице.

6. Се препорачува Град Скопје и локалните самоуправи согласно своите надлежности, а преку инспекциските служби редовно да реализираат активности за дислоцирање на бесправно населени лица на јавни површини и средување на истиот простор како би се спречило ширење на таквата појава.

**<u>Точка 99</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за адаптација и пренамена на јужно крило на Здравствен дом „Нада Михајлова“ во Дом за стари лица во Општина Пробиштип и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2020 година и 2021 година на Министерството за труд и социјална политика за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за адаптација и пренамена на јужно крило на Здравствен дом „Нада Михајлова“ во Дом за стари лица во Општина Пробиштип, во вкупна вредност од 39.005.701.00 денари, со динамика на плаќање и тоа:

- 8.000.000,00 денари во 2020 година и
- 31.005.701,00 денари во 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, потребните средства за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за адаптација и пренамена на јужно крило на Здравствен дом „Нада Михајлова“ во Дом за стари лица во Општина Пробиштип да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2020 година и 2021 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година и 2021 година.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од основање нова национална установа „Албански театар за деца и млади“-Скопје, со Предлог-одлука за основање на Национална установа „Албански театар за деца и млади“-Скопје, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за основање на Национална установа „Албански театар за деца и млади“-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за поврат на финансиски средства од Општина Дојран, поради констатирани неправилности при спроведување на проект финансиран од ИПА Прекугранична програма, помеѓу Република Македонија и Република Грција 2007-2013 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за локална самоуправа, во рок од десет дена да ги префрли потребните средства од МБ потпрограмата - прекугранична соработка, на Општина Дојран за подмирување на долгот кој Општината го има кон Министерството за финансии - Сектор за управување со средствата од ЕУ – ИПА, кои ИПА средства беа скратени од страна на Европската комисија, поради неподмирениот долг на Општина Дојран кон Европската комисија.

2. Се задолжува Општина Дојран позајмицата во износ од 165.951,63 евра да ја врати на Министерството за локална самоуправа во период од шест години.“

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го коригира текстот на Информацијата во делот на износот на долгот на Општината (165.951,63 евра наместо 148.890 евра).

**Точка 102**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за ратификација на Северноатланскиот договор, за седницата што ќе се одржи на 28 декември (сабота) 2019 година.

**Точка 103**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на полицијата, во предложениот текст.

## Точка 104

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за продолжување на мандатот на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Канада, со седиште во Торонто и заклучи да не ја донесе Одлуката.

Министерот за надворешни работи, м-р Никола Димитров е изземен од одлучувањето по овој материјал.

## Точка 105

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меѓународен Договор за размена на податоци за проверка на изјави за имотна состојба, со текст на Меѓународен договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати текстот на Меѓународниот договор за размена на податоци за проверка на изјави за имотна состојба.

2. Се определува Билјана Ивановска, претседател на Државната комисија за спречување на корупцијата, во име на Република Северна Македонија, да го потпише Меѓународниот договор за размена на податоци за проверка на изјави за имотна состојба.

## Точка 106

Владата го разгледа Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за правда текстот на Предлог – законот редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог – законот согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда и Мимоза Киковска Стојменова, државен советник во Министерството за правда.

## Точка 107

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Куманово, Општина Куманово, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласноста за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Куманово, Општина Куманово, во предложениот текст.

## Точка 108

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух* (најнов текст) и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за животна средина и просторно планирање да изврши усогласување на текстот на Предлог-законот (со кореспондентните табели и изјавата за усогласеност со европското законодавство) со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух* согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Ана Петровска, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓоргоски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Точка 109

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Основниот граѓански суд Скопје, во предложениот текст.

## Точка 110

Владата ја разгледа Информацијата за активностите поврзани со спроведување на проценката за управувањето со јавни инвестиции (ПИМА) во Република Северна Македонија, со прилози и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да го координира процесот на спроведување на Проценката за управување со јавни инвестиции.

2. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за култура, Министерството за правда - Управа за извршување санкции, Бирото за јавни набавки, АД ЕСМ, АД МЕПСО, Јавното претпријатие за државни патишта, ЈП Македонски железници - Инфраструктура, АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, Државниот завод за ревизија и Заедницата на единиците на локалната самоуправа, да достават до Министерството за финансии номинација на лице кое ќе биде задолжено во рамки на институцијата, да ги организира и координира прибирањето на податоците и соработката и комуникацијата со Министерството за финансии и со тимот на надворешните експерти кои ќе ја вршат Проценката, во најбрз можен рок.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии и институциите наведени во заклучокот бр.2, а по потреба и други институции, навремено да ги обезбедат податоците од Листата на информации (Прилог 2), како и сите други расположливи податоци кои ќе бидат побарани од страна на тимот на експерти на ММФ и Светска банка, за потребите и целите на спроведување на Проценката.

4. Се задолжува Министерството за финансии, по добивање на Извештајот од Проценката од страна на ММФ, да ја информира Владата за препораките дадени во истиот.

**Точка 111**

Владата ја разгледа Информацијата на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи во врска со Барањето на Црвениот крст на Република Северна Македонија за поддршка на мигранти и бегалци и ја усвои Информацијата со заклучок од буџетот на Министерството за труд и социјална политика за потребите на Црвениот крст на Република Северна Македонија да се обезбедат средства во висина од 1 000 000, 00 денари за храна за лицата кои што моментално се сместени во транзитните центри, а Црвениот крст на Република Северна Македонија до 15 февруари 2020 година да достави до Министерството за труд и социјална политика извештај за потрошените средства.

**Точка 112**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на Рудник Демир Хисар АД Сопотница на локалитетот „Топлица“ с. Сопотница, Општина Демир Хисар и заклучи да не ја донесе Одлуката.

**Точка 113**

Владата ја разгледа Информацијата за работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење во АД „ЕСМ“, Скопје за подружница РЕК Битола и РЕК Осломеј Кичево ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во рок од два месеци да изврши контрола кај сите обврзници за уплата на придонес кои имаат работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да формира работна група со претставници од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Министерството за труд и социјална политика, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија (Тања Чачарова Илиевска) и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и во рок од три месеци до Владата да достави информација за констатираната состојба и предлог - решенија по однос на истата.

**Точка 114**

Владата ја разгледа  Предлог - одлуката за намалување на увозните давачки - царинските стапки на одделни производи (компоненти) потребни за производство на технолошко напредни производи и ја донесе Одлуката со заклучок Министерството за економија да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство (во делот кај тарифната ознака 8536909500 и во членот 2, наместо 31.12.2020 година, да стои 30.6.2020 година.

**Точка 115**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог – законот за огласување ништовност и поништување на правни акти, дејствија, мерки и правни последици од постапките за лустрација, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда и Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 116**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 117**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за иземање од вршење на определно дејствие на одговорното лице во Министерството за финансии врз основа на околности што укажуваат на постоење на судир на интереси и не ја донесе Одлуката за иземање од вршење на определно дејствие на одговорното лице во Министерството за финансии врз основа на околности што укажуваат на постоење на судир на интереси.

Истовремено, Владата заклучи, по давање на изјава за иземање од министер, треба да се постапи согласно член 48 став 3 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, односно да се пренесат овластувањата на заменикот на министерот по основ на спреченост на министерот.

*

*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:30 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА
ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**